# ПОЛИТИКА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА (БЗР)

М-НАВ А.Д.-Скопје особено внимание посветува на развој и примена на менаџмент системот, кој претставува предуслов за ефикасно и континуирано давање на услуги на безебеден начин.

Имајќи во предвид, дека М-НАВ А.Д.-Скопје вработените ги смета за највважна алка, од особена важност е системот за управување со безбедност и здравје при работа, кој е прилагоден на ризиците кои произлегуваа од спроведувањето на работните активности, а се во согласност со барањата на ISO 45001.

Цел е да се обезбедат и одржат здрави и безбедни услови за работа, односно да се намали ризикот по безбедноста и здравјето на вработените во сите работни процеси, како и на сите заинтересирани страни на кои работните активности на М-НАВ А.Д.-Скопје можат да влијаат.

М-НАВ А.Д.-Скопје особена важност придава на заштита на безбедноста и здравјето на вработените преку примена на следните принципи:

- Обезбедување и одржување на работна околина, на начин во која се контролираат и континуирано се ублажуваат ризиците, со цел спречување на повреди и професионални болести поврзани со работењето;
- Усогласеност со законски и други потребни барања поврзани со безбедност и здравје при работа;
- Потреба од постојано подобрување на системот за управување со безбедност и здравје при работа, во насока на подобрување, ефикасност, превентивно и навремено откривање на потенцијалните инциденти поврзани со работењето;
- Спроведување на програма за управување со безбедност и здравје при работа, како составен дел на работните активности:
  - Спроведување на проценка на ризици поврзани со работните активности, односно воспоставување на мерки за ублажување на ризиците поврзани со работните процеси, со цел навремено отстранување на причините;
  - Задолжително се истражуваат причините за појавата на повреди и професионални болести поврзани со работењето, со цел да се спречи нивното повторно појавување;
  - Обука на вработените за системот за управување со безбедност и здравје при работа, со цел запознавање и разбирање на политиката на истиот;
  - Следење, мерење и постојано подобрување на системот за управување со безбедност и здравје при работа преку надворешните и внатрешните проверки на системот и за време на сертификација на стандардот;
  - Мерење на резултатите на системот за управување со безбедност и здравје при работа преку поставување на јасни и мерливи цели;
  - Во Годишниот план за работа на М-НАВ А.Д.-Скопје се планира и развојот на системот за управување со безбедност и здравје при работа.

Учеството на сите вработени во М-НАВ А.Д.-Скопје е неопходно за целосна реализација на управувањето со безбедност и здравје при работа, согласно што сите вработени се сметаат за одговорни за целосно спроведување и управувањето со безбедноста и здравјето при работа.

Скопје, април 2024 година

УО на М-НАВ А.Д.-Скопје

м.п.

Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup

Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација АД Скопје М-НАВ M-NAV SHA Shkup Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror